# Службен гласник
## на Општина Струмица


| Број 1 | Четврток , 31.01. 2008 год. |
|---|---|

*www.strumica.gov.mk*


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**


Стр.

1. **Одлука** за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори … 2
2. **Одлука** за утврдување на надоместок за работа на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на општина Струмица ……………………………………. 4
3 **Одлука** за давање согласност на Одлуката за висината на цената за издавање на продажни места во Градскиот пазар – Струмица …………... 5
4. **Програма** за обележување на значајни настани и истакнати личности во општина Струмица со спомен – обележја ……………………………………. 5
5. **Предлог – план** за запишување на ученици во I година во средните општински училишта во општина Струмица за учебната 2008/2009 год.… 7

Стр.

6. **Решение** за разрешување и именување на членови во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на општина Струмица ……………………….. 10
7. **Заклучок** по Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цената за издавање на продажни места во Градскиот Пазар – Струмица ………... 10
8. **Заклучок** по Одлуката за утврдување надоместок за работа на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на општина Струмица ………………………… 11
9. **Заклучок** за усвојување на Извештајот за извршените работни задачи на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица за 2007 година ………………………………… 11
10. **Заклучокот** за усвојување на Програмата за работа на Територијалната професионална поротивпожарна единица Струмица за 2008 година …………………………………. 12

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори

1.Се објавува Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 31.01.2008 година.

Број 08-436/2 Градоначалник
31.01.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………

**1.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02), член 3 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. весник на РМ" број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03 и 49/06), член 3 точка 13 од Законот за комунални дејности ("Сл. весник на РМ" број 45/97, 23/99 и 45/02), а во врска со член 20 став 1 точка 27 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 31.01.2008 година, донесе

**О д л у к а**
**за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори**

Член 1

Со оваа Одлука се основа јавно претпријатие за изградба,одржување и користење на јавни паркинг простори , се утврдува дејноста на Јавното претпријатие,основните услови и начинот на вршењето на дејноста за која се основа, начинот на финанирањето и други прашања од значење на јавното претпријатие.

Член 2

Основач на јавното претпријатие е Општина Струмица со седиште во Струмица ул."Сандо Масев" број 1.

Член 3

Називот на Јавното претпријатие гласи:

Јавно претпријатие за изградба,одржување и користење на јавни паркинг простори ,,Паркиралишта Струмица", -Струмица.

Скратениот назив на јавното претпријатие гласи:

Ј П "Паркиралишта Струмица" Струмица.

Член 4

Седиштето на јавното претпријатие е во Струмица, на ул."Боро Џони" број 10.

Член 5

Јавното претпријатие се основа за вршење на следните дејности:

- Изградба, одржување и стопанисување на јавниот простор за паркирање;
- отстранување на непрописно паркирани возила;
- отстранувања на хаварисани возила од јавните површини;

Класа 63.21 од Националната класификација на дејности – други придружни активности во копнениот сообраќај:

- активности врзани за копнениот превоз на патници, за животни или стоки.

Член 6

Јавното претпријатие , по претходно добиена согласност од основачот може да обавува и други дополнителни дејности, во согласност со Закон.

Член 7

Јавното претпријатие од член 3 на оваа одлука е во сопственост на општина Струмица.

За основање и почеток со работа на јавното претпријатие основачот

вложува парични средства во износ од 500.000,оо денари.

Доколку се укаже потреба, основачот ќе изврши дополнителни вложувања во јавното претпријатие.

Средствата за вршење на дејноста, Јавното претпријатие ги обезбедува преку давање на услугите од дејноста за кое е основано,како и од средства на основачот.

Член 8

Јавното претпријатие се организира така што дејноста заради која е основано ја врши на начин со кој се обезбедува:

1.Техничко-технолошко и економ-ско единство на системот;

2. Ефикасност во работењето;

3. Развој и усогласеност на сопствениот со вкупниот стопански развој на Општината;

4. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;

5. Трајно,уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите , и

6. Самостојност во рамки на системот и функционална поврзаност во рамките на Општината.

Член 9

Јавното претпријатие има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за јавните претпријатија.

Во правниот промет со трети лица јавното претпријатие истапува во свое име и за своја сметка.

За сторените обврски во правниот промет со трети лица јавното претпријатие одговара со сиот свој имот.

Член 10

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор,Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и Директорот.

Бројот на членовите на органите од претходниот став се утврдува со Статутот на Јавното претпријатие ,а во согласност со Закон.

Член 11

Со работата на Јавното претпријатие раководи директор кој го застапува и претставува претпријатието.

Член 12

Со Статутот на Јавното претпријатие поблиску ќе се одреди организацијата и раководењето на Јавното претпријатие,општите акти и постапката за нивното донесување и извршување како и други прашања од значење на Јавното претпријатие.

Член 13

Јавното претпријатие Статутот и другите општи акти ќе ги донесе во рок од 30 дена од денот на неговата регистрација, во кој рок ќе се именуваaат и органите на јавното претпријатие утврдени со член 10 став 1 од оваа Одлука.

Член 14

Се овластува лицето од член 11 да поднесе пријава за регистрација на Јавното претпријатие пред надлежниот регистарски орган.

Член 15

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”, а ќе се применува со денот на уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Број 07-436/1 Совет на општина Струмица
31.01.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на надоместок за работа на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок за работа на Комисијата за утврдување на пазарната

вредност на недвижен имот на подрачјето на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 31.01.2008 година.

Број 08-434/2 Градоначалник
31.01.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………………

**2.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 20 став 1 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 31.01.2008 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на надоместок за работа на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на општина Струмица**

Член 1

Висината на надоместокот за работа на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Струмица изнесува:

-За индивидуални станбени
објекти-куќи ……… 60 денари од објект;
-За станови во колективни објекти –
станбени згради …… 50 денари од стан;

За правни лица за деловен објект со
површина до 200 м$^2$ ..40 денари од објект;

-За правни лица за деловен објект со
површина над 200 м$^2$…………. 0,15 ден/м$^2$;

-За гаражи, шупи и други
придружни објекти … 10 денари од објект.

Член 2

Средствата да се обезбедат од буџетот на Општина Струмица.

Член 3

Исплатата на средствата ќе се извршува по поднесен Извештај од Комисијата до Одделението за администрирање на приходи (локални даноци и такси) при Општина Струмица.

На Комисијата од средствата од Буџетот на општина Струмица ќе и се исплати и надоместок за превоз во приградските населени места.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на надоместок за работа на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 12 /07).

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица", а ќе се применува од 01 јануари 2008 година.

Бр.07 – 434/1 Совет на општина Струмица
31.01.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цената за издавање на продажни места во Градскиот пазар

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цената за издавање на продажни места во Градскиот пазар, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 31.01.2008 година.

Број 08-435/2 Градоначалник
31.01.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………

**3.**

Врз основа на член 27 од Законот за комунални дејности (Сл.весник на РМ бр.45/97) и член 11 од Законот за јавни претпријатија ( Сл.весник на РМ бр 68/95),и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06),година, Советот на општина Струмица на седницата одржана на 31.01.2008 година донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност на Одлуката за висината на цената за издавање на продажни места во Градскиот пазар**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за висина на цените за издавање на продажни места во Градски пазар број 03 - 169/1 од 24.01.2008 година, донесена од Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец" Струмица

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07 – 435/1 Совет на општина Струмица
31.01.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за обележување на значајни настани и истакнати личности во општина Струмица со спомен - обележја

1. Се објавува Програмата за обележување на значајни настани и истакнати личности во општина Струмица со спомен – обележја, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 31.01.2008 година.

Број 08-433/2 Градоначалник
31.01.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………….

**4.**

Врз основа на член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја ("Сл. весник на РМ" број 66/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 - пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 31.01.2008 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за обележување на значајни настани и истакнати личности во општина Струмица со спомен – обележја**

I

Со Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности во Општина Струмица со спомен-обележја (во натамошниот текст – Програма) се определуваат настани и личности, што ќе се обележуваат; податоци за настаните и личностите и нивното значење, видот на спомен-обележјето; местото каде што ќе се подигнат; извори на средства за финансирање и подигање и рок за подигање.

II

Во текот на 2008 година ќе се подигнат спомен-обележја - бисти на:

1. Генерал Боро Поцков и
2. Првоборец - Герас Цунев.

III

Генерал Боро Поцков и првоборецот Герас Цунев се значајни личности за општината и Републиката, кои треба да добијат трајни споменични обележја-бисти преку кои ќе се сочуваат и оживеат спомените за нив и нивните дела.

**Генерал Боро Поцков** е роден во 1916 година во Струмица. Се борел во интернационалните бригади во Шпанија 1938/39 година. Бил командант на петтата оперативна зона и кумановскиот партизански одред.

Бил командат на струмичкиот партизански одред со кој победоносно

влегол на 11 септември 1944 година во Струмица и ја презел власта од окупаторот. Во октомври 1944 година станал командант на 21 НО бригада. Во 1945 година како командант на 14 бригада во состав на Македонскиот корпус учествувал во најпознатите борби на Сремскиот фронт. Бил делегат на Првото заседание на АСНОМ. По ослободувањето извршувал повеќе високи функции во армијата и бил член на генералштабот на ЈНА.

Носител е на Партизанска споменица од 1941 година и добитник на повеќе воени и мирновременски одликувања и општествени признанија.

Починал во 1981 година.

**Првоборецот Герас Цунев** е роден на 24 февруари 1914 година во Струмица, во занаетчиско семејство. Немал финасиски можности за да го продолжи образованието и затоа се определил за шивачкиот занает. За време на служењето на воениот рок во Белград во 1936/37 година се вклучува во работата на Урсовите синдикати. Во 1940 година се вклучува во работата на друштвото Експеранто во Струмица и учествува во демострациите при доаѓањето на бугарските окупатори во Струмица. Станува член на Месниот комитет на КПМ и учествува во подготовките за исфрлање на партизански одред во јули 1942 година. Издаден од предавниците на македоскиот народ успеал да избега од окупаторската акција во Просениково. Осуден е на смрт во отсуство на судскиот процес одржан во август 1942 година.

На 16 декември 1942 година е откриен од соработниците на окупаторот и уапсен во околината на Радовиш. Следувале ѕверски мачења во затворите во Радовиш, Штип и Скопје. Смртната пресуда е извршена со бесење на 21 јануари 1943 година во Скопје.

Герас Цунев и покрај ѕверските мачења не открил ниеден од своите соборци, не открил ниедна акција на партизаните за кои знаел и во кои учествувал на подрачјата на Струмица, Радовиш и Штип.

Герас Цунев се бореше за слободна Македонија. Загина за Македонија. Заслужува неговата биста да стои во малиот градски парк и да потсетува на премрежијата од минатото и херојствата на нашите македонски синови.

IV

Спомен-обележјата на прво-борците ќе бидат подигнати во форма на бисти.

V

Спомен-обележјата – бисти ќе се подигнат во малиот градски парк во Струмица.

VI

Спомен-обележјата –бисти ќе се подигнат во текот на 2008 година.

VII

Средствата за остварување на оваа Програма во висина од 500.000,оо денари, се обезбедени во Буџетот на општина Струмица за 2008 година, со Програмата КА –Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) ставка 482- други градежни објекти.

VIII

За спроведување на постапката за подигање на спомен-обележјата согласно Законот за меморијални споменици и спомен обележја, Советот на општината, донесува Одлука и именува Одбор за подигање на спомен-обележја.

IX

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-433/1 Совет на општина Струмица
31.01.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Предлог – планот за запишување на ученици во I година во средните општински училишта во општина Струмица во учебната 2008/2009 година

1. Се објавува Предлог – планот за запишување на ученици во I година во сердните општински училишта во општина Струмица за учебната 2008/2009 година,

донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 31.01.2008 година.

Број 08-432/2 Градоначалник
31.01.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………………….

**5.**

Врз основа на член 31 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (”Сл. весник на РМ” број 67/04), член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 31.01.2008 година, донесе

**П р е д л о г – п л а н**
**за запишување на ученици во I година во Средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2008/2009 година**

**Училишта:**

1. **Средно општинско училиште “Јане Сандански” Струмица.**

Во прва година ќе се запишат вкупно **374** ученици распоредени во **11** паралелки на македонски наставен јазик, од кои во:

**Гимназиско образование:**

**238** ученици, распоредени во **7** паралелки, на македонски наставен јазик и во

**Стручно образование:**

**136** ученици распоредени во **4** паралелки на македонски наставен јазик и тоа на Економско-правна и трговска струка за економски техничар.

2. **Средно општинско училиште “Никола Карев” Струмица**

Во прва година ќе се запишат вкупно **500** ученици, распоредени во **15** паралелки на македонски наставен јазик и тоа на следните струки во стручно образование:

| **Струка** | **Профил** | **Ученици** | | | | **Паралелки** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **мак. јазик** | **алб. јазик** | **тур. јазик** | **вкупно** | **мак. јазик** | **алб. јазик** | **турк. јазик** | **вкупно** |
| **Машинска** | **Машински техничар** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **Автотехничар-мехатроничар** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |
| | **Бравар** | **34** | | | **34** | **1** | | | **1** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Автомеханичар-инсталатер на водовод | 17+17= 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | 136 | | | 136 | 4 | | | 4 |
| Текстилно-кожарска | Конфекциски техничар | 68 | | | 68 | 2 | | | 2 |
| | ВКУПНО | 68 | | | 68 | 2 | | | 2 |
| Текстилна | Конфекционер | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| Електро-техничка | Електротехничар-енергетичар | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | Електроинста-латер и монтер | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | Електромеханичар Г Т З | 24 | | | 24 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | 126 | | | 126 | 4 | | | 4 |
| Сообраќајна | Техничар за патен сообраќај | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | Техничар за транспорт и шпед. | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | 68 | | | 68 | 2 | | | 2 |
| Шумарско-дрво-преработувачка | Техничар за мебел и ентериер | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| Градежна | Монтер за сува градба | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| С Е В К У П Н О | | 500 | | | 500 | 15 | | | 15 |

**3. Средно општинско училиште “Димитар Влахов” Струмица**

Во прва година ќе се запишат **306** ученици, распоредени во **9** паралелки на македонски наставен јазик и тоа на следните струки во

Стручно образование:

| Струка | Профил | Ученици | | | | Паралелки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | мак. јазик | алб. јазик | тур. јазик | вкупно | мак. јазик | алб. јазик | тур. јазик | вкупно |
| Земјоделско-ветеринарна струка | техничар за фармерско производство | 102 | | | 102 | 3 | | | 3 |
| | техничар за хортикултура | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| Прехрамбена струка | преработувач на жито, брашно,шеќер | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| Хемиско-технолошка струка | прехрамбен техничар | 68 | | | 68 | 2 | | | 1 |
| Здравствена струка | фармацевтски-лабораториски техничар | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| | медицинска сестра | 34 | | | 34 | 1 | | | 1 |
| ВКУПНО | | 306 | | | 306 | 9 | | | 9 |

Предлог-планот ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица” и ќе се достави до Министерството за образование и наука.

Број 07-432/1 Совет на општина Струмица
31.01.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за разрешување и именување на членови во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на општина Струмица

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на членови во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на општина Струмица, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 31.01.2008 година.

Број 08-437/2 Градоначалник
31.01.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………………

## 6.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седница одржана на 31.01.2008 година, донесе

**Р е ш е н и р е**
**за разрешување и именување на членови во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на општина Струмица**

1. Се разрешуваат членовите на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на општина Струмица, по нивно барање:

- Катерина Аџискерлева
- Ружа Ставрова
- Верица Лазарова
- Мирко Динев.

2. За членови во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на општина Струмица се именуваат:

- Јасмина Георгиева
- Марија Христова
- Ани Ставрова
- Томе Поп-Алексов.

3. Ова решение влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07 – 437/1 Совет на општина Струмица
31.01.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за објавување на Заклучокот по Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цената за издавање на продажни места во Градскиот пазар**

1. Се објавува Заклучокот по Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цената за издавање на продажни места во Градскиот пазар, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 31.01.2008 година.

Број 08-435/4 Градоначалник
31.01.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………..

## 7.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 31.01.2008 година, расправајќи по Одлуката за давање согласност на Одлуката за висината на цената за издавање на продажни места во Градскиот пазар, донесе

**З а к л у ч о к**

1. ЈПКД "Комуналец" Струмица за наредната седница на Советот на општината да достави Инфорамција за начинот, бројот и постапката за издавање продажни места – тезги во Градскиот пазар.

2.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07 – 435/3 Совет на општина Струмица
31.01.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот по Одлуката за утврдување надоместок за работа на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на општина Струмица

1. Се објавува Заклучокот по Одлуката за утврдување надоместок за работа на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на општина Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 31.01.2008 година.

Број 08-437/4 Градоначалник
31.01.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………………….

**8.**

Врз оснва на член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 31.01.2008 година, расправајќи по Одлуката за утрдување надоместок за работата на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на општина Струмица, донесе

**З а к л у ч о к**

1. Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на подрачјето на општина Струмица од 01.02.2008 година да почне со работа во приградсктие населени места.

2. Комисијата за наредната седница до Советот на општина Струмица да достави извештај за тоа на кој недвижен имот е утврдена пазарната вредност, за тоа колкав надоместок е исплатен за работата на Комисијата и уште колку работа и претстои.

3.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07 – 437/3 Совет на општина Струмица
31.01.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршените работни задачи на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица за 2007 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршените работни задачи на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица за 2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 31.01.2008 година.

Број 08-430/2 Градоначалник
31.01.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………

**9.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 31.01.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за извршените работни задачи на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица за 2007 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршени работни задачи на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица за 2007 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07 – 430/2 Совет на општина Струмица
31.01.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица за 2008 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Територијалната професионална поротивпожарна единица Струмица за 2008 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 31.01.2008 година.

Број 08-431/2 Градоначалник
31.01.2008 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………..

**10.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 31.01.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за работа на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица за 2008 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица за 2008 година.

2. Да се достави барање до Комисијата за одобрување на набавка на противпожарна опрема и средства за гасење на пожари, Дирекцијата за заштита и спасување и Владата на Република Македонија, за распоредување на противпожарна опрема и средства за гасење на пожари за противпожарната единица во Струмица, согласно доставената листа на потреби од Територијалната професионална противпожарна единица Струмица.

Посебен приоритет да се бара за набавка на противпожарни возила кои се неопходни за реализирање на основните задачи на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица.

3. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “С. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07 – 431/1 Совет на општина Струмица
31.01.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.